*Христо Андонов Полјански*

# ОБИДОТ НА МЕХМЕД АЛИ ДА ПОДИГНЕ ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1839—1841 година)

ЕГИПЕТСКИОТ независен владетел Мехмед Али (1769—1849), со своето настојување да ја обезбеди, зацврсти и прошири својата независна власт во Египет, како и со своите односи кон Високата порта и со големите сили зазема видно место во европската и блискоисточната политика во триесеттите и четириесеттите години на XIX век. Широките димензии на оваа негова акција придонеле за осетно комплицирање на односите во овој дел на светот, кое, од друга страна, се одразило во ново затегнување на источното прашање. Неговите пртензии да го претвори Египет во центар на Блискиот Исток, како современа и модерна држава, за што е и наречен „основач на модерен Египет“, и, од друга страна, да создаде голема арапска империја, со право наишле на силно спротивставување од Високата порта, а и од големите европски сили, кои имале свои интереси на ова подрачје, и не биле склони во моментот да се нарушува статус квото и целоста на Империјата на „Светиот падишах“. Меѓутоа, Мехмед Али како независен египетски владетел успешно отстојувал на своето тежнение да стане господар на Блискиот Исток. Таа негова тенденција доаѓа до израз од 1831 година натаму, кога скоро цела една деценија претставувал реална опасност за опстанокот на Отоманската Империја. Во тие односи тој успеал да ја доведе Империјата до работ на пропаста и благодарение на мешањето на европските заинтересирани капиталистички држави било одложено за момент нејзиното пропаѓање. Како вешт државник и дипломат тој лавирал во односите меѓу европските сили, а и во своите позиции кон Портата. Со цел да го задржи под свое господство знатно големиот дел на териториите на Блискиот Исток, Мехмед Али тежнеел да ги разбунтува и другите опширни подрачја на Отоманската Империја. Таква една тенденција гледаме и во неговиот обид да подигне востание во Македонија кон крајот на триесеттите и во почетокот на четириесеттите години од XIX век. Целта на оваа негова акција била очигледна, да ѝ се парира на централната отоманска власт, да се одржи во беспокојство Империјата, да го осигура за себе господ-

ството над завојуваните територии. Овој проблем во историјата на Мехмед Али и на неговото владеење е мошне интересен. Тоа е само еден аспект од неговата појава на европската и блискоисточната политичка сцена.

Прашањето за обидот на Мехмед Али да подигне востание во Македонија кон крајот на триесеттите и почетокот на четириесеттите години на минатиот век, не е разработено во литературата. Консултирајќи ги архивските материјали, и тоа предимно британските, во овој прилог се обидуваме да фрлиме светлина на ова интересно прашање, како од европската, така од турската и македонската историја.

## I

За владеењето на Мехмед Али, за неговите односи со Високата порта и со големите сили, постои броен архивски материјал и мошне зголемена продукција во публицистиката и во историографијата. Така, само до 1885[1]) и од 1891 година[2]) библиографскиот преглед на прилозите покажува изразита продукција.

Изворниот материјал за владеењето на Мехмед Али се наоѓа во низа европски архиви и библиотеки. Извесен број учени, проучувајќи ја оваа материја, се обидувале да публикуваат материјали од овие архиви, кои директно се однесуваат до владеењето на Мехмед Али или пак индиректно се поврзани со него и со неговите акции на Балканот, а во случајов и со Македонија. Така, Ст. Романски ги објави австриските документи за Нишкото востание од 1841 година, во кои се наоѓаат неколку документи во врска со нагласеното прашање.[3]) Бројните документи поврзани со односите на Мехмед Али со Високата порта ги објави Р. Катауи (R. Cattaui).[4])

Во почетокот на триесеттите години на нашиот век во Египет се почна со објавувањето на архивските документи во врска со владеењето на Мехмед Али и неговите односи со Високата порта и големите сили. Оваа серија на документи почна да ја објавува Е. Дрио (E.Driault), кој публикува од 1930—1934 година пет тома под општ наслов: „Египет и Европа".[5]) Во првиот том се објавени документи за владеењето на Мехмед Али до 1839 година, а оста-

---

[1]) Види: Ibrahim-Hilmy, The Literature of Egypt and the Soudan. From the earliest times to the year 1885 inclusive. Vol. I—II. London 1886—1887.

[2]) Види: A. Debidour, Histoire Diplomatique de l'Europe. Paris 1891 (Руско издание: А. Дебидур, Дипломатическая история Европы. Т. I. Москва 1947, 415).

[3]) Ст. Романски, Австрийски документи по Нишкото българско възстание от 1841 год. — СбНУ XXXVI (1910—1911). София 1912, 81—83.

[4]) Cattui, Histoire des rapports de l'Egypte avec la Sublime Porte (du XVIII à 1841. Paris 1919.

[5]) E. Driault, L'Egypte et L'Europe. Cairo 1930—1934; Roma 1933—1934.

натите томови го третираат проблемот на кризата од 1839—1841 година. Оваа документација детално изложува материјали за владеењето на Мехмед Али, посебно за неговите односи со Франција и обратно, за интересот на Франција кон неговите обиди да ја обезбеди својата независна власт. Во оваа документација среќаваме фрагментарни податоци во врска со обидот на Мехмед Али да подигне востание во Македонија. Од сличен карактер е и збирката од шест тома на А. Саммарко (A Sammarco), во кои се објавени дипломатските документи во врска со Мехмед Али.[6]) Во оваа збирка, особено во првиот том, се наоѓаат документи од 1801—1804 година, што се однесуваат до Солун и неговите позиции. Малку повеќе документи наоѓаме во грчките дипломатски документи, што ги издаде Г. А. Политис (G. A. Politis), во 1931 година.[7]) Тие се однесуваат главно за периодот 1838—1841 година. Во нив среќаваме извесни податоци за акцијата на Мехмед Али во Македонија. Истиот автор, А. Г. Политис, во 1935 година објави уште еден том од овие документи, и тоа за периодот 1833—1849 година.[8]) Во нив среќаваме индиректни податоци во врска со акцијата на Мехмед Али во Македонија. Интересен материјал од руските архиви, и тоа за периодот пред 1833 година, објави Р. Катауи во 1931 година.[9])

Владеењето на Мехмед Али и неговите односи со Високата порта и со големите сили е мошне многу разработено во политичката и дипломатската историја и во специјалните студии посветени на неговата личност и на Египет. Уште за време на неговиот живот биле правени обиди да се даде осврт на неговата политичка биографија. Така, во 1840—1841 година во Лондон бил објавен еден таков преглед.[10]) Сличен таков осврт со преглед на неговото владеење бил направен во 1844 г. во Штутгард.[11]) Е Ворбартон (E. Warburton) во еден свој патепис од 1845 година донесува извесни биографски податоци за Мехмед Али и за неговото потекло.[12]) Опстоен преглед на неговата биографија во четири тома изнесува П. Мурие (P. Mouriez), во кои среќаваме индиректни податоци за акцијата на Мехмед Али во Македонија.[13]) Слични вакви податоци

---

[6]) A. Sammarco, Il Regno di Mohammed Ali nei documenti diplomatici Italiani inediti. Cairo Vol. I.—VI. 1930.

[7]) G. A. Politis, Le Conflict Turco-Égyptien de 1838—1841 et les derniéres années du Régne de Mohamed Aly d'aprѐs les documents Diplomatiques Grecs. Caire 1931.

[8]) G. A. Politis, Les rapports de la rapports de la Grèce et de L'Égypte. Pendant le Règne de Mohamed Aly (1833—1849). Roma 1935.

[9]) R. Cattaui, Le Règne de Mohamed Aly d'apres les Archives Russes en Égypte. T. I. Cairo 1931.

[10]) The Life of Mohammed Ali, Viceroy of Egypt. London 1840/1841.

[11]) Aus Mehemed Ali's Reich. Stuttgart 1844.

[12]) E. Warburton, The Crescent and the Cross, or Romance and Realities of Eastern Travel. Vol. II. London 1845.

[13]) P. Mouriez, Histoire de Mehemet — Ali Vice—Roi d'Égypte. Paris 1858. Vol. I—IV.

среќаваме во дневникот на Остен-Прокеш (Osten-Prokesch),[14] и во студијата на Бенедети (Benedetti), за последните години од владеењето на Мехмед Али.[15])

По триесетте години на нашиот век се зголемува издавањето на опстојни биографии и студии за владеењето и личноста на Мехмед Али. Така, Х. Додвел (H. Dodwell) во својата студија за Мехмед Али дава мошне опстоен осврт на неговата дејност и индиректно го засегнува неговиот интерес кон другите подрачја на Отоманската империја.[16]) Таков третман имаат и Р. и Г. Катауи во својата студија за Мехмед Али и Европа, објавена во Париз 1950 г.[17]) И овдека во склопот на европската политика и односите помеѓу Мехмед Али и големите сили индиректно е засегнат неговиот интерес да подигне востание во Македонија.

Освен опстојните студии за Мехмед Али и за неговото владеење, постои опстојна продукција и за бројните аспекти поврзани со неговите односи со Европа и одделно со некои европски држави, во кои е можно да се најде материјал интересен за темата што ја разработуваме.[18])

Владеењето на Мехмед Али и неговите односи со Високата порта и останатите сили е разработено и во студиите за Египет. Во нив индиректно е засегнат и неговиот интерес за другите подрачја на Отоманската Империја. Така, во современата студија на В. Х. Јатес (W. H. Yates), издадена во 1843 г. во Лондон, се говори за тежнението на Мехмед Али да ги зафати со бунт и другите турски провинции.[19]) Повеќе студии се зафатени со проблемот да го опишат Египет во време на Мехмед Али, раѓањето и развитокот на таканареченото египетско прашање, како дел на источното прашање и неговата зависност од Отоманската Империја и другите нејзини подрачја.[20]) Меѓу овие студии, со својата опстојност и аргу-

---

[14]) Prokesch-Osten Grafen Von, Mehmed-Ali Vize-König von Aegypten. Aus Meinem Tagebuch, 1826—1841. Wien 1877.

[15]) Benedetti, Mehemet-Ali durant ses derniéres années- — Revue des Deux Mondes LXV/129 (1895), 509—532.

[16]) H. Dodwell, The Founder of Modern Egypt. A Study of Mohammad Ali. Cambridge, 1931, 276.

[17]) R. et G. Cattaui, Mohamed — Aly et L'Europe. Paris 1950.

[18]) Напр. Fr. Charles-Roux, Thiers et Méhémet-Ali. Paris 1951; Les Dêplacement de Mohamed Ali-Cahiers d'Histoire Égyptienné. Dec. 1949; и други.

[19]) W. H. Yates, The Modern History and Condition of Egypt. — Vol. I—II. London 1843.

[20]) Види: P. P. Muskau, Egypt and Mehemet Ali. London 1854, vol. I—III; P. Hamont, L'Egypt sous Méhémet — Ali. Paris 1845. Vol. I—II; A A. Paton, A History of the Egyptian Revolution. Vol. II. London 1870; D. Freycinet, La Question d'Égypte. Paris 1905; W. Brome A. E. P., A History of events in Egypt from 1798 to 1914. Edinburgh—London 1915; A. Hasenclever, Geschichte Ägyptens im 19. Jahrhundert 1798 — 1914. Halle 1917; A. Sammarco, Egitto Moderno. Roma; Précis de l'histoire d'Égypte. Cairo 1933; G. Shafik, The Beginnings of the Egyptian Question and the rise of Mehemet Ali. London 1928.

ментираност се издвојуваат трудовите на М. Сабри (M. Sabry)[21]) и на Г. Аното (G. Hanotaux).[22]) Во последниов труд акцентот е ставен и на односот на Мехмед Али кон останатите подрачја во Турција.

Проблемот на Мехмед Али прилично е разработен и во историите за источното прашање. Во студиите на: Е. Де Кадалвене (E. De Cadalvene) и Е. Баро (E. Barrault),[23]) А. Хасенклевер (A. Hasenclever),[24]) J. А. Р. Мариот (J. A. R. Marriott),[25] Г. П. Генов,[26]) и В. Поповиќ,[27]) на овој проблем му е дадено значење како нова фаза во развитокот на источното прашање. Сличен таков третман проблемот има добиено и во историјата за Турција и арапските земји,[28]) како и во историите на дипломатијата на новиот век[29]) и во дипломатските студии на одделни земји и нивните односи со Мехмед Али.[30]) Во сите овие студии среќаваме и фрагментарни податоци во врска со обидот на Мехмед Али да подигне востание во Македонија.

Односите на Мехмед Али со Високата порта и со големите сили широко се коментирале во современиот европски печат. Најверзирани толкувања среќаваме во лондонски „Тајмс" (The Times), кој во 1840—1941 година изнесува и некои податоци поврзани со Македонија.[31]) Исто така мошне солидни соопштенија се среќаваат и во современиот германски и австриски печат. За ова прашање најдовме соопштенија и во познатиот словенечки дневник: „Laibacher Zeitung".[32])

Наведениот осврт на изворите и литературата за Мехмед Али и за неговото владеење, посебно за неговите односи со Високата порта и со големите сили, регистрира дека за овие проблеми постои во светската историографија развиена продукција. Правејќи

[21]) M. Sabry, L'Émpire Egyptien sous Mohamed — Ali et la Question d'Orient (1811—1849). Paris 1930.

[22]) G. Hanotaux, Histoire de la Nation Égyptienne. T. III. Paris 1936.

[23]) E. De Cadalvene et E. Barrault, Dex Années de l'Histoire d'Orient. 1839—1840. Vol. I—II. Paris 1840.

[24]) A. Hasenclever, Die Orientalische Frage in den Jahren 1838—1841. Leipzig 1914.

[25]) J. A. R. Marriott, The Eastern Question. Oxford 1958.

[26]) Г. Р. Генов, Източният въпрос. I. София 1925.

[27]) V. Popović, Istočno pitanje. Sarajevo 1965.

[28]) Напр. А. Д. Новичев, Турция. Москва 1965; В. Б. Луцкии, Новая история арабских стран. Москва 1965.

[29]) Напр. А. Дебидур, Дипломатическая история Европы. Т. I. Москва 1947; Историја Дипломатије. Св. I. Београд 1945.

[30]) Напр. L. H. Bulwer, The Life of Henri John Temple Viscount Palmerston. Vol. II—III. London 1870—1874; Major John Hall, England and the Orleans Monarchy. London 1912; S. Goriainow, Le Bosphore et les Dardanelles. Paris 1910.

[31]) Напр. Insurrection in the Turskish Empire. — The Times 25. V. 1841. 5; Frontiers of Turkey. — The Times 2. VI. 1841, 4; и други.

[32]) Напр. Osmanisches Reich. — Laibacher Zeitung 25.I.1840, 27—28; Исто — 2. VI. 1840, 174—175.

анализа на таа продукција сакавме да констатираме во колкава мера е застапен проблемот и за акциите на Мехмед Али во Македонија, со цел да го привлече вниманието на Портата, а и да добие време за обезбедување и зацврстување на својата независна власт во Египет и во другите територии на Блискиот Исток. Забележените фрагментарности или индиректни напомнувања во тој контекст го оправдуваат приодот кон поопстојна разработка и на тој аспект од проблемот на Мехмед Али.

* * *

Поставеноста на нашата тема за обидот Мехмед Али да подигне востание во Македонија во 1839—1841 година, предимно ја базираме врз британските дипломатски извештаи. Делумни архивски материјали за ова прашање се дадени заклучно со 1839 година во првиот том — „Британски документи за историјата на македонскиот народ“,[33]) а останатите ги изнајдовме во натамошни архивски истражувања во „Public Record Office", официјалната архива на Велика Британија во Лондон.

Британските дипломатски извештаи за акциите на Мехмед Али во Македонија го опфаќаат периодот од 3 август 1838 и завршуваат со 26 мај 1841 година. Поконкретни податоци се регистрирани од 1839 година. Затоа и оттаму таа година ја земаме како почетна година на неговите акции. Овие извештаи ги испраќале: британскиот амбасадор во Цариград, лорд Понсонби (Lord Ponsonby), до својот претпоставен, виконтот Палмерстон (Viscount Palmerston), тогашен секретар на Форењ Офис; потоа, британскиот конзул во Солун, Чарлс Блант (Charles Blunt), и тоа предимно до својот претпоставен амбасадор во Цариград, а потем и до секретарот на Форењ Офис во Лондон. Овие извештаи се вклучени во неколку архивски фондови во Public Record Office, предимно во фондот — Форењ Офис (Foreign Office — 78 и 195).

Овие архивски материјали за првпат го допираат и го образложуваат проблемот за обидот на Мехмед Али да подигне востание во Македонија во 1839—1841 година. Тоа се, пред сѐ, оригинални набљудувања на солунскиот британски конзул и мислењата за реперкусиите на тој настан од британскиот амбасадор во Цариград. Соопштенијата што се изнесени во извештаите се работени врз основа на сопствени набљудувања, на доноските од довերените лица и од соопштенијата добиени по официјален пат од турските власти. Во нив среќаваме и повикување на официјални турски документи.

Во овие документи ја гледаме сериозната грижа на британските фактори да ја следат секоја акција на Мехмед Али во Маке-

---

[33]) Британски документи за историјата на македонскиот народ. Том I (1797—1839. Во редакција на Христо Андонов — Полјански. Скопје 1968, 114—148.

донија, секое движење на неговите агенти и реперкусиите што таа акција ги имала врз самата турска власт, врз расположението меѓу турските и христијанските маси и врз британските интереси и влијанија на ова подрачје. Со нив, всушност, се надополнува еден аспект од владеењето и политиката на Мехмед Али, во триесеттите и почетокот на четириесеттите години на минатото столетие.

Обидот на Мехмед Али да преземе акција во Македонија зависел пред сè од неколку компоненти. Димензијата на секоја одделна акција зависела од конкретната негова положба и неговите односи со Високата порта и со големите сили. Затоа, пред да пристапиме кон конкретно разгледување на поставената тема, правиме кус осврт на одделни карактеристични фази од развојот на владеењето на Мехмед Али и на неговите односи со Портата и големите сили.

## II

Мехмед[34]) Али со своето одметнување од централната отоманска власт и со своите потфати да создаде од Египет современа независна држава, како и со своето натамошно спротивставување на Високата порта, предизвикал силно внимание во Европа, сред јавноста и дипломатијата. Неговата појава на политичката сцена со право предизвикала интерес. Затоа, почнало да се истражува неговото минато и потекло. Додека за негово родно место се посочува Кавала,[35]) за неговото народносно потекло уште се води спор во науката. Имено, низа автори го истакнуваат неговото албанско, а други говорат за негово турско потекло.[36])

Мехмед Али уште како многу млад стапил во турска воена служба и се истакнал со своите воинствени и дипломатски достоинства. Неговото изградување во младешкиот период имало значење. Тој растел и се развивал во времето кога Европа се наоѓала во превирање. Како дваесетгодишен ја дочекал Француската револуција, која ја потресла Европа. Тој голем настан секако се одразил и на неговата личност. Р. и Г. Катауи истакнуваат интересен факт

---

[34]) E. Warburton (Op. cit., 27) ги изведува следниве модификации на неговото име: Mahomet, Mehemet, Mahmoud.

[35]) A. Sammarco (Egitto Moderno, 10) истакнува за Кавала дека се наоѓа во Македонија. G. Hanotaux (Histoire de la Nation Egyptienne, 15) бележи за Кавала дека се наоѓа „на брегот на Македонија". Истото го наоѓаме и кај J. A. R. Marriott (Op. cit., 226) и во „Советская историческая энциклопедия т. 9 (Москва 1966), 830.

[36]) За неговото албанско потекло говорат повеќе автори. Меѓу другите и: A. Sammarco (Op. cit. 10 — „da padre albanese"), A. E. R. Weigall Brome (Op. cit., 45), J. A. R. Marriott (Op. cit., 226). За неговото турско потекло се придружуваат: E. Warburton (Op. cit. 29) категорично тврди дека бил по потекло Турчин, а не Албанец. На ова се придружува и: P. Mouriez (Histoire de Méhémet — Ali, 55), истакнувајќи дека татко му бил по потекло Турчин.

дека: „... Мехмед Али бил роден во Македонија, која била отворена за новите идеи ...“[37])

Во турската воена служба Мехмед Али се истакнал како учесник во Француско-турската војна, во таканаречената „Египетска експедиција“ од 1798—1801 година и за време на „Каирското востание“ од 1804—1805 година, кога бил назначен од султанот за негов заменик (наместник, паша) на Египет.[38]) Оваа своја должност наполно ја утврдил во 1811 година, кога претходно си обезбедил популарност со одбивање на нападите на Англичаните и со задушување на востанијата на Мамелуците и Вахабитите. Со тоа тој станал единствен владетел на Египет и само формално ја признавал врховната власт на султанот. Во својата натамошна дејност успешно ги водел воените дејствија во Судан и против грчкото ослободително движење во 1824—1828 година. За тие свои успеси му биле ветени од султанот нови територии, но такви не добил. По Одринскиот мир барал да се исполнат ветувањата, но турскиот султан Махмуд II тоа го одбил. Токму тоа за Мехмед Али претставувало погоден момент наполно да се одметне, отцепи од Отоманската Империја и да го води Египет кон независност и самостојност.

Во односите на Мехмед Али кон Високата порта разликуваме неколку карактеристични фази. Тие во историјата на источното прашање се наречени. — „египетски кризи“ или „турско-египетски конфликти.“ Главно се карактеристични две кризи: првата од 1831—1833 година и втората од 1839—1840/1841 година. Во време на првата криза Мехмед Али станал против султанот и преку низа походи ја потчинил Сирија, потоа Либан и други земји и го загрозил Босфор, со што му бил отворен патот кон Цариград. Тој негов успех на военото поле претставувал реална опасност за опстанокот на Отоманската Империја. Од друга страна, Мехмед Али ја ползувал тогашната влошена положба во Империјата и со својата акција придонел за загрозување на нејзиниот опстанок. Меѓутоа, султанот Махмуд II се обрнал за помош до големите сили. Него го поддржале Англија и Русија. Франција застанала на страната на Мехмед Али. Сите овие сили имале свои специјални интереси да ги штитат како султановиот интегритет, така и владеењата на Мехмед Али. Најпосле се дошло до компромис во 1833 година, кога Мехмед Али добил господство над низа територии во Левант.[39]) Но, тој компромис веќе бил нарушен во 1839 година. Имено, Мехмед Али тежнеел да добие наследно право на владеење, а султанот

---

[37]) „... Mohamed — Aly, né lui-méme en Macédoine, ouvert au idéés nouvelles“. (R. et G. Cattaui, Mohamed-Aly, 74).

[38]) Неговите биографи многу често ја употребуваат неговата титула, „Vice-Roi d'Égypte“ (P. Mouriez, Op. cit., 52 и сл.).

[39]) Види: Г. П. Генов, Op. cit., 322—339; G. Hanotaux, Op. cit. Vol. VI 130—144; Историја Дипломатије, 439—440; A. Debidur, Op. cit., 341—344; А. Д. Новичев, Op. cit., 79—83; V. Popović, Op. cit., 143—144; В. П. Луцкий, Op. cit., 90—98.

да го добива само данокот. На ова се спротивставил султанот и испратил војска во Сирија. Таа била наполно разбиена (1839) од египетската армија. Тогаш и турската флота се придружила кон Мехмед Али. Во тоа време умрел Махмуд II и него го заменил новиот султан Абдул Меџид (1839—1861). Сега кризата уште повеќе се заострила и Отоманската Империја одново се наоѓала пред работ на пропаста. Но, и сега големите сили биле склони да го заштитат нејзиниот интегритет, пред сè заради тоа што со тоа ги штителе и своите интереси и позиции. Сега се замешале: Англија, Русија, Австрија и Прусија. Франција и натаму го штитела Мехмед Али. Била преземена и интервенција на египетскиот брег од англиската флота. За решение на кризата силите заклучиле конвенција во Лондон (Лондонска конвенција, 15. VII. 1840) со која Мехмед Али бил принуден да ја прими наследната управа над Египет, да ја врати турската флота и да врати други заземени територии. Со Дарданелската конвенција (13. VII. 1841 г.) ова било уште еднаш санкционирано и било признато статус кво. На тоа Мехмед Али бил принуден да се потчини.[40]) Тоа значело крај на настојувањата на Мехмед Али да создаде нова арапска држава, нов соодност на силите на Блискиот Исток.

Појавата и владеењето на Мехмед Али различно се оценети од испитувачите на источното прашање и од неговите биографи. Повеќето го сметаат за најголем преобразител и основач на модерен Египет. Пред сè, тој бил заслужен што извршил бројни реформи во земјоделството, во стопанството и армијата. За тие негови преобразби Карл Маркс дал висока оцена, укажувајќи дека Мехмед Али бил единствениот човек кој создал животоспособна држава на местото на Отоманската Империја, што се распаѓала, и кој можел, од друга страна, да ја спаси Турција и да ја спротивстави на другите сили.[41]) Наспроти тоа, биле создадени претпоставки за претворање на Отоманската Империја во изразита полуколонија на големите европски капиталистички држави.

## III

Со претставувањето во воопштени рамки на неколкуте значајни етапи од историјата на владеењето на Мехмед Али и неговото спротивставување на Високата порта и неговите односи кон

---

[40]) Види: P. Mouriez, Op. cit., Vol. IV., 294—302; A. A. Paton. Op. cit,., 198—220; L. H. Bulwer, Op. cit., Vol. II, 42—424, 431—434; A. Hasenclever, Op. cit., 116—138; Г. П. Генов, Op. cit., 349—358; E. Driault, Op. cit., Vol. II, V; M. Sabry, Op. cit., 405—442, 487—541; H. Dodwell, Op. cit., 154—191; Précis., 340—363; G. Hanotaux, Op. cit., Vol. VI, 180—219; Историја Дипломатије, 443—448; А. Дебидур, Op. cit., 386—399. R. et G. Cattui, Op. cit., 180—217; А. Д. Новичев, Op. cit., 83—85; V. Popović, Op. cit., 144—146; В. П. Луцкий, Op. cit., 98—104.

[41]) К. Маркс, Ф. Энгельс, Сочинения. Т. 9. Москва 1957², 202, 210.

големите сили, сакавме да фрлиме светлина на неговата појава на меѓународната политичка сцена за да можеме поадекватно да ги определиме релациите на неговиот обид да ја заангажира и Македонија во вителот на својата политика. Тој негов чекор не настанал случајно. Во тој потфат се криеле, како што тоа и го нагласивме во почетокот, стратегиски причини, за да се минираат акциите на Високата порта насочени против него. Од друга страна, Мехмед Али мошне добро ја познавал ситуацијата во сите подрачја на Отоманската Империја. Долгогодишната борба на Портата да ја сочува централната власт, да ги уништи жариштата на одметништвото, на застарените воени и религиозни редови, кои го кочеле нејзиниот натамошен развиток, биле видливи насекаде. Покрај тоа, и на внатрешен план ситуацијата не била на висина. Господството на феудалната анархија, на феудално-спахискиот систем, на зголемената експлоатација, како на муслиманските, така и на христијанските народни маси, се чувствувало насекаде. Со укинувањето и ликвидирањето на тимарско-спахискиот систем во 1834 година во земјоделството, и покрај извесните олеснувања, не се решил гордиевиот јазел на Турција. Таа состојба, несреденоста во внатрешно-политичкиот живот, анархијата и експлоатацијата, му служеле индиректно на Мехмед Али да го калкулира својот однос кон Портата и во извесни, поволни, моменти, да го користи тоа во полза на својата политика.

Изборот на Македонија, воопшто на балканското подрачје, како прицелна точка на своите релации, Мехмед Али не го назначил случајно. Пред сè, таа била негова родна земја, а, од друга страна, го претставувала средишниот дел на Балканот и ги поврзувала патиштата меѓу Европа и Азија, штитејќи ја задницата на отоманската престолнина. Таа поволна географска определеност му служела нему како факт повеќе во успешното изведување на политичката операција, на својот добро планиран потфат.

Потфатите на својата акција во Македонија Мехмед Али ги изведувал исклучиво во време на таканаречената втора египетска криза од 1839—1840/1841 година, т.е. во апогеот на своето спротивставување кон Високата порта.

## 1

Податоци за директната акција на Мехмед Али констатираме од 1839 година натаму. Меѓутоа, за неговиот интерес кон Македонија, и кон останатите подрачја на Отоманската Империја среќаваме податоци и од претходните години. Така, В. Х. Јатес изнесува дека веќе уште по Одринскиот мир од 1829 година Мехмед Али се активирал да создаде почва за потфатите што понатаму ќе ги преземел. В. Х. Јатес бележи и конкретни негови потфати, изнесувајќи дека „„Мехмед Али не беше неактивен за целото ова време.

Тој ги набљудуваше поставките на султанот со очите на рис, и тајно поттикнуваше нереди во турските провинции."[42])

Повеќе автори, а особено Г. Аното, истакнуваат дека во периодот 1833—1839 година Мехмед Али уживал голема репутација во целата Турска Империја. Скоро во сите делови на Турција тој уживал големи симпатии сред населението.[43]) Таа констатација на Г. Аното се потврдува и од дипломатските извештаи. Така, британскиот конзул во Солун, Чарлс Блант, во еден свој извештај до лордот Понсонби од 3 август 1838 година известува дека Портата испратила во Македонија свои специјално доверени лица за да го испитаат расположението на населението спрема Мехмед Али. Тој понатаму истакнува дека уште во својот извештај од 6 мај истата година известил оти во Солун Турците биле еднодушни против него, а дека во Кавала, во неговото родно место, на тамошните Турци малку им требало да бидат придобиени за него.[44])

Смртта на султанот Махмуд II и поразот на турската војска во судрувањето со приврзениците на Мехмед Али создале силна возбуда во сите делови на Отоманската Империја. За создадената реакција сред населението по тој повод Ч. Блант му испратил на лорд Понсонби специјален извештај на 15 јули 1839 година. Тој бележи и за создадените реперкусии како и за засилувањето на популарноста на Мехмед Али. Така, тој го истакнува мислењето на некои Албанци, кои говореле дека ако Мехмед Али испрати кораби со парични средства на албанскиот брег ќе можел веднаш да собере 100.000 души.[45]) Но, од друга страна, се среќаваме со еден друг контрадикторен извештај од грчкиот конзул во Александрија М. Тосица (Michel Tossizza), личен пријател на Мехмед Али, од 26 јули 1839 година, во кој тој известува дека Мехмед Али испратил специјални писма до сите паши во Румелија и Анатолија, во кои ја изразува својата покорност кон новиот султан Абдул Меџид.[46]) Наспроти тоа, веќе веднаш во август истата година дипломатите во своите извештаи донесуваат алармантни вести и конкретни податоци за акциите на Мехмед Али во Македонија. Така, британскиот амбасадор, лордот Понсонби, во еден свој извештај до виконтот Палмерстон од 13 август 1839 година известува дека на 12 август ноќта добил порака од Големиот везир, во која последниот молел амбасадорот да побара од британскиот адмирал да го ослободи Солун од еден воен кораб, што го испратил Мехмед Али. Од коработ се симнале 5—6 емисари, кои ги испратил египетскиот паша да го поттикнуваат народот на бунт против отоманска-

[42]) „Mohammed Ali was not idle all this time. He watched the proceedings of the Sultan with the eye of a lynx, and secretly fomented discord in the Turkish provinces. „(W. H. Yates, The Modern History and Condition of Egypt. Vol. I, 420).

[43]) G. Hanotaux, Op. cit., 154.

[44]) Charles Blunt to Lord Ponsonby. Salonica, August 3rd 1838 (Public Record Office (PRO) — Foreign Office (FO) 195/100. Turkey. Salonica 1838).

[45]) Ch. Blunt to Lord Ponsonby. Salonica, July 15th 1839 (PRO-FO 195/100. 1839).

[46]) G. A. Politis Le Conflit Turco-Égyptien,. 76.

та влада.[47]) Натаму, Големиот везир соопштувал дека за овој настан добил известување од Изет-Паша, валијата на Солун. За истово ова Понсонби се научил и од австриskиот амбасадор И. Л. Де Стурмер. Со него ја разгледал настаната криза и можноста за интервенција на Силите. Обајцата се согласиле за интервенција од страна на флотата. Во врска со тоа Понсонби дал инструкции до британскиот адмирал за интервенција.[48])

За овој настан Понсонби добил детален извештај и од конзулот Блант, датиран на 9 август. Во овој извештај се повторува истото, со наведување на некои детали за египетскиот брод што упловил на 8 август. Бродот се наоѓал во близина на Солун и тој довел агенти на Мехмед Али со цел да го поттикнуваат населението на востание. Блант изнесува исто така, дека агентите требало да дојдат во допир со највидните паши во Солун и во внатрешноста.[49])

Конзулот Блант внимателно го следел движењето на египетскиот военен брод, кој носел емисари на Мехмед Али. Тој, во својот извештај до Понсонби од 16 август изнесува и некои други подробности за овој брод и неговата мисија. Конзулот споменува дека бродот се викал „Вашингтон“ (Washington) и бил купен од Американците.[50]) Бродот бил подложен на карантина. Натаму се изнесуваат контрадикторни вести за агентите на Мехмед Али. Конзулот лично се жали во овој извештај што еден ваков брод влегол во пристаништето и што му се дозволило да дојде. Тој понатаму смета дека „ . . . доколку на овие агенти им се дозволи да одат во внатрешноста, ќе има катастрофални последици за интересот на султанот.“[51]) Натаму истакнува дека ситуацијата во Солун била изменета и дека не треба многу да се дојде до едно општо декларирање во корист на египетскиот паша.[52]) Дури, споменува обид за бегање на тројца артилерци од редовната турска армија на египетскиот брод.[53])

Во друг извештај, и тоа од 23 август, Блант соопштува за исповувањето на египетскиот воен брод од солунското пристаниште без да има можност да ја изврши својата мисија. Уште наведува дека турските власти се добрале до извесни пратки од бродот и ги испратиле во Цариград. Исто така бележи дека се слушало оти други бродови од Мехмед Али биле испратени на албанскиот

---

[47]) ,,.... Sent by the Pasha of Egypt to excite the people to revolt against the Ottoman Government. ,,(PRO-FO 78/358. Turkey. Ponsonby 1839).

[48]) Viscount Ponsonby to Viscount Palmerston. Therapia, August 15th 1839. (PRO-FO 78/358).

[49]) Ch. Blunt to Ponsonby. Salonica, August 9th 1839 (Ibidem).

[50]) За египетската флота види: A. Sammarco, La Marina Egiziana sotto Mohammed Ali. Caire 1931.

[51]) ,,... If these Agents had been permitted to go into the interior that the consequences would have been most disastrous to the interests of the Sultan. (Ch. Blunt to Viscount Ponsonby. Salonica, August 16th 1839/PRO-FO 195/100. 1839).

[52]) ,,Here, I am sorry to say, that opinion are much changed, and it would not require much to obtain a nearly general declaration in favour of the Pacha of Egypt. (Ibidem).

[53]) Ibid.

брег, но за тоа немало потврда. Натаму соопштува за неможноста да се фати бродот, кој го изменил правецот на повлекувањето и се регистрираат строгите мерки што турските власти ги презеле во Солун во време на пристигањето на бродот и по неговото исплобување.[54])

Од наведеното произлегува да се констатираат начините применети од Мехмед Али да го прошири своето влијание и во Македонија. За таа цел тој испраќал свои специјални емисари, кои имале определена задача да ги придобијат кон каузата на Мехмед Али пашите-првенци, а потоа останатото население. Тенденцијата била очигледна. Со тоа Мехмед Али имал намера да се создадат немири во заднината на Цариград, за да може да го обезбеди своето првенство. Тука е интересен фактот за неговата популарност сред населението. Тоа тој го создал со умешна пропаганда сред сите слоеви од населението, и тоа во овој момент предимно сред муслиманското. Таа негова акција не останала без реперкусии. Се создала вознемиреност кај Високата порта, кај властите во Солун и кај странските дипломати. Интересен е тука начинот како реагирале британските дипломатски фактори, кои веднаш се согласиле за интервенција на нивната флота, стационирана во Медитеранот.

Со овие почетни акции Мехмед Али се обидел да создаде добра база, да го прошири своето влијание, како претекс за натамошно уште поразвиено активирање.

## 2

Поразвиеното активирање на Мехмед Али во Македонија го регистрираме кон крајот на 1839, а особено во 1840 и 1841 година. Тоа негово повторно активирање се раѓа во времето кога во Отоманската Империја настануваат изразити промени предизвикани по донесувањето на Гилханскиот хатишериф (ноември 1839 година). Овој реформаторски акт претставува голем настан во историјата на Отоманската Империја. Овој акт бил донесен во време кога Отоманската Империја се наоѓала во тешка внатрешно-политичка криза, предизвикана од експлоататорските мерки применувани над беззаштитното население од страна на турските феудалци[55]) и од завојувачките акции на Мехмед Али. [6]) Поврзаноста на

[54]) Ch. Blunt to Ponsonby. Salonica, August 23rd 1839 (PRO-FO 195/100. 1839).

[55]) Во еден турски документ од 15 мај 1839 година се вели дека во Румелија првенците и нивните помошници гледале на рајата како на свое купно робје и ја терале насила и бесплатно да им работи на нивите. (Документи за Българската история. Т. III София 1940, 241).

[56]) Г. П. Генов, Хатишерифа и Хатихумаюна и техното значение за българския. народ, БИБ г. IV/II—III. София 1931, 66—68; И. Пастухов, Българска история. Т. II. София 1942, 676—680; Британски документи, 148; Историја на македонскиот народ. Кн. II. Скопје 1969, 30—39. Л. Милетич, Един документ от първото време на танзимата Сбну 15—359—360. Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ II. Скопје, 1965, 37—39.

Мехмед Али со овие реформи е интересно да се проучи. Особено да се установи кон што тој наблегнувал. Ако се земе предвид дека овие реформи не биле спроведени во живот[57]) и дека злоупотребите се зголемиле по нивното донесување, тогаш улогата на Мехмед Али можеби била од тактички причини, да создаде, од една страна, наклоност на реакционерните кругови, а, од друга страна, на угнетеното население. Таа двојност во неговата игра, и тоа во време на неговиот триумф и опаѓање ја гледаме одразена и во Македонија по донесувањето на Гилханскиот хатишериф, кога ситуацијата не се подобрила туку се влошила до големи размери.

По донесувањето на Гилханскиот хатишериф забележени се повторно неколку акции на Мехмед Али. Според пишувањето на љубљанскиот весник „Laibacher Zeitung" од 25 јануари 1840 година, кој се повикува на една дописка од Атина од 27 декември, било осуетено настојувањето на Мехмед Али да подигне востание како сред муслиманството, така и сред христијанското население, чие расположение, како што се истакнува, тој добро го познавал. Кога се говори за христијанското население, тоа се определува како: „христијанско население — Албанци, Тесалијци, Македонци".[58]) Истото тоа се потврдува и со мислењето на францускиот конзул во Јанина, Графе (Graffet), кој укажал дека било „во тек мало востаничко движење меѓу христијаните во македонските и грчките провинции на европска Турција . . ."[59])

Во ваква ситуација Мехмед Али повторно ги ангажирал своите емисари. За тие емисари во еден разговор со полковникот Хоџес (Hodges), тогашен британски конзуларен агент во Египет, Мехмед Али во март 1840 г. рекол дека имал во Румелија, Анатолија и во другите делови на Империјата многу свои приврзеници.[60]) Е. Дрио конкретно укажува на неговото настојување да врбува свои приврзеници во Македонија.[61]) За ова Ч. Блант, во еден извештај од 5 февруари 1840 година до лордот Понсонби, говори за фаќањето во Солун на еден приврзеник на Мехмед Али, кој потоа бил подложен на истрага.[62])

Веќе од мај 1840 се регистрирани обиди за востание и тоа од христијанското население. Така, Ч. Блант во еден извештај до

---

[57]) Белгискиот пратеник во Цариград Баронот Бер (Behr) во еден извештај од 14 ноември 1839 година, извлекува заклучок дека „. . .l'exécution de Hattisherif est chose impossible." (К. М. Сарафов, Документи из поверителната Архива на Белгийското Министерство на външните работи. СбБАН кн. XXIV, София 1929, 10.

[58]) „. . . Mehemed Ali kennt die Gesinnungen der christlichen Bevölkerung Albaniens, Thessaliens, Macedoniens. . ." (Osmanischer Reich-Laibacher Zeitung No 7, 25. I. 1840, 27.

[59]) „. . . Dass binnen kurzem insurrectionelle Bewegungen unter den Christen in den macedonischen und griechischen Provinzen der europäischen Türkei..." (Ibidem).

[60]) E. De Cadalvene et E. Barrault, Deux année de l'Histoire, 330.

[61]) E. Driault, L'Égypte et L'Europe, LXIX.

[62]) Ch. Blunt to Ponsonby, Salonica, February 5th 1840 (PRO-FO 78/411. Turkey, Salonica 1840).

лордот Понсонби од 5 мај изнесува оти турските власти во Солун добиле известија од локалните власти во Серез дека христијанската раја (the Christian Rayjahs)) имала намера да востане против Турците.[63]) По овие вести властите презеле мерки на сигурност и Турците се вооружиле. Востанието било планирано за 27 април, на ден Велигден. Меѓутоа, ништо не се случило. Наведувајќи го овој податок треба да го констатираме мислењето на Ч. Блант дека во овие обиди за востание биле замешани агентите на Мехмед Али, кои биле активни низ целата земја.[64]) Ч. Блант, исто така, се повикува на изјавата на грчкиот митрополит во Солун, кој рекол дека агентите на Мехмед Али шireле незадоволство повеќе во внатрешноста. Освен ова, Ч. Блант укажува и на една интересна поставка, поврзана со мерките што се предвидувале со Хатишерифот. Тој, укажува дека сега при плаќањето на даноците постоел еднаков третман меѓу рајата и Турците, а на што силно се спротивставиле беговите и агентите на Мехмед Али.[65])

Создаденото нерасположение како резултат на Гилханскиот хатишериф се констатира и во една статија во „Laibacher Zeitung" од 2 јуни 1840 година, при што се пренесува пишувањето на „Allgemeine Zeitung" од 9 мај, од турската граница. Во весникот се констатираат реперкусиите што биле создадени од Гилханскиот хатишериф и ширењето притоа на влијанието на Мехмед Али. Имено, се подвлекува дека европските провинции на Империјата: Босна, Албанија и Македонија, како и источните провинции на Азија, се наоѓале под преовладувачко египетско влијание. При ова, весникот цитира писма од низа градови, меѓу кои и од: Серез, Скопје, Охрид, каде што мирот бил загрозен.[66])

Од наведеното јасно произлегува дека акциите на Мехмед Али не стивнале ни по донесувањето на Гилханскиот хатишериф. Тие сега добиле поразвиена форма, изразувајќи се преку бунтови во армијата, па до бунтови меѓу населението во низа подрачја на европскиот дел на Турција, а поконкретно и во Македонија. Изнесените примери јасно сведочат дека Македонија тогаш се наоѓала во бунтовна состојба, главно предизвикана од злоупотребите по применувањето на Гилханскиот хатишериф. Тие форми на отпор понатаму добиле поразвиен вид.

---

[63]) ,,. . .It was the intention of the Christian Rayjahs to revolt against, the Turks. . .' Ch. Blunt to Viscount Ponsonby. Salonica May 5th 1840 (PRO-FO 195/176. Turkey. Salonica 1840).

[64]) ,,From the information I have, My Lord, I am given to think, that the whole of this affair is the working of the Agents of Mehemet Alli, for they are all over the Country, and so active, so active.. ,, (Ibidem).

[65]) Ibidem.

[66]) Osmanisches — Reich. Laibacher Zeitung No 44, 2. VI. 1840, 174—175.

3

Опаѓањето на силата на Мехмед Али, предизвикано поради притисокот на силите, а што било поттикнато со Лондонската конвенција (15. VII. 1840) и Дарданелската (13. VII. 1841), не влијаело осетно многу за ослабнување на акциите на Мехмед Али во Македонија. Така, Ч. Блант во еден извештај до лордот Понсонби од 30 јули 1840 година донесува многу интересни податоци во врска со начинот на агитацијата од страна на агентите на Мехмед Али. Така, тој соопштува дека на џамијата „Алаџах Џамиси" во Солун на 28 јули бил залепен еден леток, од чија содржина се гледало дека тука биле замешани прстите на агентите на Мехмед Али. Во содржината се велело дека „Секој добар муслиман да биде спремен да го земе оружјето за спасот на својата судбина." Покрај ова, конзулот споменува и низа вознемирувања што ја затегнувале ситуацијата во градот. Слични такви податоци се даваат и за Кавала, кога при влегување на група британски бродови во пристаништето населението погрешно мислело дека тоа е флотата на Мехмед Али, при што отворено се изразила радоста и спремноста да се декларира во полза на Мехмед Али. При правилното разбирање за знамето на флотата населението се разишло разочарано.[67])

Повеќе податоци говорат и за раширување на привrзениците на Мехмед Али и во редовите на турската армија.[68])

Голем одглас наишле и дипломатските разговори околу решението на случајот на Мехмед Али. Така, Ч. Блант во еден извештај до лордот Понсонби од 23 март 1841 година соопштува дека во Солун тие вести се слушале со внимание. Тој укажува дека во градот постоела „египетска партија" и дека имало чести обиди за диверзии, како што биле пожарите на пазарите и др. Исто така конзулот соопштува оти се проектирале и напади против христијаните, за што постоеле контрадикторни вести. Но, сред владеачките кругови се инсистирало за засилување на воените сили во Солун.[69])

Големо вознемирување и затегнување на ситуацијата било предизвикано со Нишкото востание од 1841 година.[70]) Ова востание имало одглас и во Македонија, за што малку е пишувано во литературата. Така, австрискиот конзул во Белград, Атанацковиќ, во еден извештај до кнезот Метерних од 19 април 1841 година соопштува дека немири биле регистрирани во Куманово.[71]) Тоа се потврдува и со извештајот на баронот Стурмер (Stürmer) до кнезот Метерних од 30 април 1841 година. Тој укажува дека не-

[67]) Ch. Blunt to Viscount Ponsonby. Salonica, July 30th 1840 (PRO-FO 195/176. Turkey. Salonica 1840).

[68]) The Times 22. XII. 1840, 5.

[69]) Ch. Blunt to Viscount Ponsonby. Salonica, March 23rd 1841 (PRO-FO 195/176).

[70]) За ова востание види: PRO-FO 195/182. Turkey, 1841 (116, 131).

[71]) Ст. Романски, Австрийски документи., 125.

мири имало и во некои краишта на Македонија. Вели дека командантот на Скопје и на околината добил наредба да маршира против востаниците во Ниш. Тој го цитира мислењето на австрискиот конзул во Солун, кој сметал дека Македонија порано била мирна, а дека веќе и во оваа провинција се јавувале сè повеќе и повеќе незадоволства. Се говори за убиство на еден мохасил (собирач на даноци) во Мелник од некоја банда на башибозук.[72]) Не е сигурен, дали овдека биле замешани прстите на агентите на Мехмед Али.[72a])

Мислењата на австриските дипломати за одгласот на Нишкото востание во Македонија го потврдува и Ч. Блунт во еден извештај до лордот Понсонби од 3 мај 1841, укажувајќи дека станало востание од многу сериозна природа и во Скопје.[73]) Натаму Блант го нагласува мислењето на еден претставник на власта, кој сметал дека планот на востанието бил, тоа да се прошири и на Солун, затоа во градот и околината била концентрирана огромна војска. Биле преземени мерки за артилериско обезбедување на солунската тврдина. Исто така, Блант соопштува дека во градот биле преземени мерки за контрола на оружјето особено сред христијанското население. По улиците парадирале патроли на војска и полиција. Сета пошта била прегледувана.

Вонредните строги мерки во Солун ги изненадиле сите во градот. Се сметало дека незадоволството сред населението било огромно поради држењето на мохасилите. Тоа незадоволство било големо како сред христијанското, така и сред муслиманското население, кај кое се изразило настојување за заедничко истапување.[74])

За конкретно мешање на агентите на Мехмед Али во овие настани Блант во претходниот извештај не потврдува. Но, веќе во еден извештај од Понсонби до Палмерстон од 26 мај 1841 година, се соопштува дека во сите овие работи биле заплеткани интригите на грчката влада, која работела во согласност со Мехмед Али.[75]) Овој податок е значајно да се одбележи, бидејќи ја регистрира почетната етапа на грчката наоружена пропаганда.

Со наведените неколку примери се потврдува дека Мехмед Али преку своите приврзеници ги продолжил своите акции во Ма-

---

[72]) Незадоволството поради злоупотребите на мохасилите во Македонија било големо. Така, атинското списание „Siècle" објавило едно писмо од Солун за жалбите на солунското население, на Македонците, како што се вели во писмото. (Писмото како прилог го вклучува и Ч. Блант во еден извештај до Понсонби од 2 јуни 1841 година. (Ch. Blunt to Ponsonby. Salonica June 2nd. (PRO-FO 195/176).

[72a]) Ст. Романски, Ibidem, 81—82.

[73]) Лондонски „Тајмс" во една статија од 25 мај 1841 година, соопштува дека имало извештаи за ширење на револт во Македонија. Но, последните вести од Битола и Солун тоа не го потврдувале. (Insurrection in the Turkish Empire. — The Times 25th May 1841, 5). За истово весникот пишува и на 2 јуни 1841. (The Times 2.VI. 1841, 4).

[74]) Ch. Blunt to Viscount Ponsonbry. Salonica, May 3rd 1841 (PRO-FO 195/176).

[75]) Viscount Ponsonby to Viscount Palmerston. Therapia, 26th May 1841 (PRO-FO 78/434. Turkey. Ponsonby 1841).

кедонија и по донесувањето на конвенциите, иако не во таков обем и не се такви реперкусии, како што тоа било карактеристично за поранешните акции.

* * *

Од сето наведено досега може да се изведат неколку заклучоци. Пред сè, обидот на Мехмед Али да подигне востание во Македонија бил предизвикан од неколку причини. Најпрвин, со тоа тој тежнеел да го сочува своето господство на Блискиот Исток и да ги минира акциите на Високата порта против него. Поволната географска положба на Македонија служела како елемент повеќе за успешно изведување на сите негови планови на Блискиот Исток. Меѓутоа, различен бил степенот и континуитетот на тие акции во Македонија. Најдоминантен облик тие имале во 1839 и 1840 година. Но, сите тие се движеле на релацијата да се создаде вознемирување и незадоволство спрема власта. Иако имало и сериозни обиди, чии димензии биле мошне широки и од поразвиен облик. Но, во крајна линија, сите тие обиди не довеле до изразито востание во Македонија, туку само до развиена агитација во полза на Мехмед Али. При сето тоа карактеристична била тенденцијата да се создаде бунтовна ситуација, а не моменти и ситуација за отворени востанија. При ова треба да се има предвид дека турската власт секогаш успевала да го осуети секое востаничко движење или акција, организирана или поттикнувана од Мехмед Али. Но, покрај сето тоа, останува фактот дека планот на Мехмед Али бил добро смислен и организиран. Тој се стремел да го искористи постојното незадоволство за интересите на својата политика. И во тоа успеал. Тој долго отстојувал во своите судрувања со Високата порта и благодарение на мешањето на големите сили било попречено неговото натамошно ширење во зафаќање на други територии на Отоманската Империја.

Се наметнува прашањето какво влијание имале акциите на Мехмед Али сред масите, било меѓу муслиманските или христијанските. Изнесените примери потврдуваат дека неговото влијание било еднакво силно и кај едните и кај другите. Друго е прашањето, каков став имал Мехмед Али спрема Гилханскиот хатишериф и за ползата од реформирање на Империјата. Секако изгледа контрадикторен фактот што тој самиот е познат како реформатор на Египет, а во поглед на воведувањето на Хатишерифот ги насрчувал беговите, противниците на овие реформи. Но, секако и тука лежат тактичките причини да се привлече овој слој кон него. Од друга страна, тој го поттикнувал и сиромашното христијанско и муслиманско население. Тоа значи дека, појдувајќи од своите политички интереси, Мехмед Али играл двојна игра. Тоа било во стилот на неговата политика, на неговите махинации да го сочува своето господство.

Значајно е да се истакне дека Мехмед Али со својот обид да подигне востание во Македонија во 1839—1841 година предизвикал раздвижување во македонското општество. Тој негов обид бил причина бунтовната состојба во Македонија да бележи постојан континуитет, што е мошне карактеристично за овој период од историјата на македонскиот народ. Тоа го констатиравме од мошне широката скала на раздвижувања сред македонските маси, што досега не беше познато во историографијата. Изразит нов факт е диференцијацијата меѓу муслиманското и христијанското население. Уште поизразити се обидите за обединувачки дејствувања на муслиманската и на христијанската раја. Тоа претставува значаен момент за заеднички дејствувања на двата најпонижени слоеви во тогашното отоманско општество. Но, со текот на време среќаваме и диференцијација среде самата христијанска раја. Така, веќе од 1840 година во документацијата и во современиот печат се среќаваме и со народносното име на македонскиот народ — Македонци, кое е мошне значајно за одбележување.

На крајот треба уште еднаш да подвлечеме дека иако обидот на Мехмед Али во 1839—1841 година да подигне востание во Македонија не добил онакви широки димензии какви што би се очекувале, сепак предизвикал силно раздвижување и активизирање на бунтовните сили за борба против неправдите и тиранијата. Со тоа и претставува вонреден настан во историјата на македонското ослободително движење.

*Hristo Andonov-Poljanski*

## LA TENTATIVE DE PROVOCATION D'UNE EMEUTE DE MEHMED ALI EN MACÉDOINE (1839—1841)

*Résumé*

L' auteur du texte prend en considération le problème de la tentative du souverain indépéndant d'Egypte, Mehmed Ali (1769—1849) de provoquer une emeute en Macédoine en 1839—1841. Après avoir passé en revue la littérature et la documentation publiées jusqu'à présent, l'auteur constate que ce problème n'a pas été traité dans la science. Il base ensuite ses connaissances du problème sur une documentation inédite, appartenant aux archives officielles de Grande Bretagne — Public Record Office, à Londres.

Le thème est traité en plusieurs chapitres dont le chapitre qui se rapporte à l'apparition et à l'activité de Mehmed Ali ainsi qu' à ses rapports avec la Grande Porte Ottomane et les grandes puissances (l'Angleterre, la France et la Russie) sert de base. Ces raports sont largement représentés surtout en ce qui concerne l'analyse des rapports pendant les soit disant „crises égyptiennes" ou „conflits turco-

égyptiens", la première de 1831 à 1833 et la deuxième de 1839 à 1840/1841. Parlant de ces crises, l'auteur traite des actions de Mehmed Ali, déstinées à provoquer une emeute en Macédoine. Se basant surtout sur une matière originale et en partie sur la presse contemporaine et les documents des archives déjà connus, l'auteur constate que les actions en Macédoine de Mehmed Ali sont surtout caractéristiques pour la deuxième crise, c'est-à- dire pour la période de 1839—1840/1841. En vue de la prouver, l'auteur publie dans son texte de nombreux exemples d'actions ' où Mehmed Ali, aidé de ses missionnaires spéciaux et de ses adhérents en Macédoine, fait des efforts pour créer une agitation et un mécontentement visibles, dirigés contre le gouvernement ottoman. Toutes ces action avaient des dimensions et des formes différentes, mais le gouvernement turc réussissait toujours à les déjouer. C'est pourquoi ces actions ne se sont pas transformées en un mouvement insurrectionnel général. Mais, il faut souligner le fait que le plan de Mehmed Ali avait été bien conçu et bien organisé. Il avait en vue de tirer profit du mécontentement général et de garder sa domination en Proche Orient. En diplomate habile, il organisait ces actions pour des motifs tactiques et pour tenir le gouvernement ottoman dans une situation tendue afin d'avoir la possibilité de réaliser ses projets. Il y réussit et ce n'est gue grâce aux interventions des grandes puissances que son avancement dans les territoires du sultan turc fut empêché.

Les actions de Mehmed Ali en Macédoine ont eu de l'influence sur la population musulmane aussi bien que sur la population chrétienne. A. l'aide de ses agents, il louvoyait envers les uns et envers les autres. Pour garder sa domination il avait en vue presque toujours ses propres intérêts politiques.

Sa tentative de soulever le peuple en Macédoine en 1831—1841 a provoqué une agitation dans la société macédonienne et crée un esprit de révolte en Macédoine qui joua un rôle considérable dans l'histoire du mouvement de libération. Il est intéressant de souligner le fait qu'il y a eu des cas d'actions communes de la raïa macédonienne et de la raïa musulmane, inspirées par leur lutte contre la tyranie et les injustices. Il est caractéristique aussi qu' à cette époque nous pouvons rencontrer le vrai nom des Macédoniens exprimant leur nationalité, fait qui n'est pas à négliger et qu'on doit souligner. C'est pourquoi on peut dire que l' action politique de Mehmed Ali en Macédoine a eu de répercussions très importantes et présente dans l'histoire du peuple macédonien un événement extraordinaire.